Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

**До:** [redacted]

Бр.-Nr. 05-254/2

27-04-2022 20 ___ год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

**Предмет:** Одговор на Барање пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, од Ваша страна доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер со Ваш број 0302-23/1 од 04.04.2022 година.

Во продолжение бараните информации, редоследно согласно Вашето барање:

1. **Колку постапки за спречување и заштита од дискриминација имате покренато по службена должност во периодот од 01 јануари-31 март 2022 година и по кои основи?**

   Во периодот од 01 јануари - 31 март 2022 година, КСЗД има покренато три (3) претставки за утврдување на дискриминација по службена должност и тоа по следните основи:
   - Пристап до добра и услуги
   - Здравствена заштита
   - Потекло и Религија или верско уверување
2. **Колку претставки имате примено во периодот од 01 јануари-31 март 2022 година и по кои основи?**

   Во периодот од 01 јануари - 31 март 2022 година КСЗД има примено 54 претставки за утврдување на дискриминација и тоа по следните основи:

| **Основи на дискриминација во поднесените претставки** | **Број на претставки** |
|---|---|
| Друга основа (права на спортски каратисти) | 1 |
| Здравствена состојба | 2 |
| Лично својство и општествен статус | 3 |
| Лично својство и општествен статус, социјално потекло | 1 |
| Национална или етничка припадност | 5 |
| Национална или етничка припадност, образование, политичко уверување | 1 |
| Национална или етничка припадност, образование, политичко уверување, возраст | 1 |
| Пол, национална или етничка припадност, припадност на маргинализирана група | 1 |
| Пол, припадност на маргинализирана група, лично својство и општествен статус, национална или етничка припадност, сексуална ориентација | 2 |
| Пол, припадност на маргинализирана група, лично својство и општествен статус, национална или етничка припадност, сексуална ориентација, родов идентитет | 5 |
| Пол, припадност на маргинализирана група, национална или етничка припадност, лично својство и општествен статус, сексуална ориентација, родов идентитет | 8 |
| Пол, род, семејна или брачна состојба, родов идентитет, друга основа (родителско право) | 1 |
| Политичко уверување, лично својство и општествен статус | 1 |
| Потекло (национално и религиско), социјално потекло | 1 |

| | |
|---|---|
| Припадност на маргинализирана група, национална или етничка припадност, попреченост | 1 |
| Социјално потекло, лично својство и општествен статус, семејна или брачна состојба, имотен статус | 1 |
| Нема наведено основа | 18 |
| Повеќе основи (ненаведено) | 1 |

3. **Колку мислења, препораки и заклучоци имате донесено во периодот од 01 јануари - 31 март 2022 година?**

Во периодот од 01 јануари - 31 март 2022 година КСЗД има донесено вкупно 46 мислења, заклучоци и одлуки по претставки за утврдување на дискриминација од кои:

- 26 мислења со кои се утврдува дискриминација;
- 10 мислења со кои не се утврдува дискриминација;
- 2 заклучоци за неповедување, непостапување или запирање на постапката, од кои 1 заради одлука на подносителот да ја повлече претставката во текот на постапувањето и 1 поради тековна судска постапка, и
- 8 одлуки за отфрлање на претставка, од кои 5 заради неуредност на поднесокот и 3 заради ненадлежност.

Од гореспоменатите 46 мислења, заклучоци или одлуки кои ги има донесено КСЗД во периодот од 01 јануари - 31 март 2022 година, 21 се однесуваат на претставки кои биле поднесени до КСЗД во 2022 година, 24 на претставки кои биле поднесени до КСЗД во 2021 година, додека 1 претставка била поднесена до укинатата поранешна Комисија за заштита од дискриминација.
Во однос на одлуките на КСЗД по претставки кои биле поднесени (или покренати по службена должност) во периодот 01 јануари - 31 март 2022 година:

- 7 мислења со кои се утврдува дискриминација;
- 4 мислења со кои не се утврдува дискриминација и
- 10 одлуки за отфрлање на претставка.

4. **Колку постапки траеле подолго од 60 дена согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација во период од 01 јануари-31 март 2022 година?**

Во однос на 57 претставки кои биле поднесени (или биле покренати по службена должност) за утврдување на дискриминација во периодот 01 јануари - 31 март 2022 година, заклучно со 31.03.2022 година КСЗД има донесено мислења, заклучоци или одлуки за вкупно 21 претставки, а за преостанатите 36 претставки постапката била во тек.
Во однос на претставките за кои КСЗД има донесено мислење, заклучок или одлука ниту една постапка не траела подолго од 60 дена согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

5. **Колку општи препораки во случај на дискриминација имате упатено согласно член 28 од ЗСЗД во периодот од 01 јануари-31 март 2022 година?**

Во наведениот период, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, нема упатено општи препораки во случај на дискриминација.

6. **Каков вид на соработки сте реализирале со други лица и институции во полето на заштитата од дискриминација во периодот од 01 јануари - 31 март 2022 година? (На пример, потпишани меморандуми, број на заеднички постепени предмети, број на заеднички организирани настани, итн.)**

**Меморандуми за соработка:**

- Во периодот од 01 јануари-31 март 2022 година потпишани се вкупно 4 меморандуми за соработка со други институции и организации и тоа:
- Во февруари 2022, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со граѓанската организација [redacted] кој декларира интерес на двете страни да обезбедат заеднички придонес кон зајакнување на улогата на КСЗД во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво преку спроведување на проектот "Комисија за спречување и заштита од дискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога", финансиран од Европска Унија во период од 1 јануари 2022 го 31 декември 2023.
- Во март 2022, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Канцеларијата на Високиот комесар за бегалци при ООН (УНХЦР) потпишаа Меморандум за соработка со кој ќе го зајакнуваат нивното стратешко партнерство. Двете организации ќе продолжат да ги поддржуваат правата на лицата под мандат на УНХЦР во земјата, преку партнерство во заштитата, комуникацијата, доближувањето до заедницата, како и во трансформирањето на наративот за барателите на азил, бегалците, лицата под супсидијарна заштита и лицата под ризик од без државјанство. КСЗД се обврзува да реагира во случаи на дискриминација извршена врз овие лица и ќе се фокусира на унапредување на еднаквиот третман на сите поединци.
- Во март 2022, Претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација Кире Василев и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, потпишаа Меморандум за соработка. Примарна цел на Меморандумот е воспоставување и регулирање на соработката меѓу двете институции, преку обезбедување на потребни податоци со кои располага и ги обработува Министерството за внатрешни работи, а во насока на обезбедување заеднички придонес кон зајакнување на улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво.
- Во март 2022, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација потпиша Меморандум за соработка со Совет на етика на медиуми со кој ќе се обврзуваат заеднички да дејствуваат и соработуваат во интерес на промоција на еднаквоста и борбата против сите форми на дискриминација. Целта е преку взаемна соработка да се подигне свеста на граѓаните за штетните последици од дискриминацијата и вознемирувачкиот говор во јавната сфера, но и промовирање на независно, професионално и етичко известување во медиумите, ослободено од дискриминаторски говор и предрасуди, вознемирувачки говор, како и говор кој провоцира или поттикнува дискриминација.

**Соработка со граѓански организации**

- На 16 март, член на Комисијата се јави како говорник на Конференција насловена "Со соработка и партнерство до квалитетни политики и практики за спречување и заштита од дискриминација", организирана од [redacted]
- На 22 март, Комисијата одржа состанок со [redacted] за дефинирање на дата и агенда за напредна обука во областа на решавање на случаи на дискриминација.
- На 25 февруари, Член на Комисија се јави како говорник на промоција на истражување "Вовед во студентска дискриминација", во организација на [redacted]

**Средби и состаноци**

- Во јануари 2022, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оствари средба со Претседателот на државата Стево Пендаровски којштo изрази поддршка за институционалната независност на Комисијата. На средбата претседателот на државата ги поздрави напорите на КСЗД за подигање на јавната свест, информирање и едукација на граѓаните за видовите на дискриминација со кои се соочуваат.
- Во јануари 2022, Италијанскиот амбасадор во Скопје, Н.Е. Андреа Силвестри ги посети канцелариите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. На средбата,

членовите на Комисијата го запознаа со нивната досегашна работа и идните планови. Н.Е. Силвестри и членовите на КСЗД разговараа за бројот на претставки по кои е постапувано во првата година од работата на Комисијата, како и за главните области поврзани до дискриминацијата. Исто така, на амбасадорот му беше презентиран и системот за управување со предметите, како и можноста за следење на аналитиката од поднесените и решени претставки, достапна на веб страницата Комисијата.

- Во февруари 2022 Комисијата одржа средба со Народен Правобранител и на истата се разговараше за начелни правци на идна соработка помеѓу Комисијата и Народниот правобранител.
- Во февруари 2022 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како дел од проект "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија, компонента 4", одржа состанок со експертот за дискриминација [redacted] На состанокот се дефинираа идни активности со кои експертот ќе може да и даде поддршка на стручната служба и членовите на Комисијата. Оваа активност претставува воспоставена соработка во 2021 година како дел од проектот "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија компонента 4", соработка која само ќе се интензивира во 2022 година.
- На 1 март, Комисијата имаше состанок со Холандска Амбасада на тема дефинирање на идна соработка. На состанокот се одлучи експерт од странство да одржи две обуки за на тема "Инклузија на пазар на труд на лицата со попреченост" и а втората обука на тема "Зајакнување на внатрешни капацитети и комуникација во КСЗД".
- На 2 март, Комисијата одржа состанок со претставници од ЕУ делегацијата. На состанокот се разговараше за тековна ЕУ помош, се разговараше за посета на амбасадорот Дејвид Гир во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и др.
- На 16 март, Комисијата одржа состанок со експертот [redacted] за завршување на поднесокот со придонесот за Европската директива во поглед на утврдување на задолжително стандарди на телата за еднаквост.
- На 21 март, Комисијата одржа состанок со лидерот на компонента 4 , "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија", [redacted] на која што се утврдија датите за идните заеднички активности на КСЗД и компонента 4. Преку проектот "ЕУ поддршка за владеење на правото во Република Северна Македонија, компонента 4", ќе се одржат 5 тренинзи за членовите и службата во Комисијата со цел јакнење на капацитети на комисијата.

**<u>Учество на настани, обуки, конференции</u>**

- Член на Комисијата учествуваше на Јавна дебата "Етика и интегритет на изборен процес" на која што се дискутираше за вклучување на лицата со попреченост во изборниот процес.
- Член на Комисијата учествуваше на Интернационален Биатлон Форум-Скопје 2022 на тема Родова еднаквост на жената во спортот-можности и предизвици.
- Двајца од стручната служба присуствуваа на Презентација на Стратегијата за пласирање на визуелни содржини на социјални медиуми спроведена од експерт за социјални медиуми. Презентацијата беше наменета за вработени кои работат односи со јавност, објавување на веб страна и социјални медиуми.
- Претседателот на Комисијата учествуваше на промоција на истражување на тема: "Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија" кој што се спроведе во соработка со Европска унија и Шведската агенција за меѓународен развој спроведено од [redacted]

7. **Колку конференции за медиуми имате одржано во периодот од 01 јануари-31 март 2022 година?**
   - **Соопштенија за јавност:**

Комисијата ги обележа и деновите од значење за спречување и заштита од дискриминација, како што се Светски ден на лица со Даунов синдром и Меѓународен ден за елиминација на расна дискриминација преку соопштенија до сите електронски и печатени медиуми. Во тие соопштенија беше наведена потребата за почитување, толеранција и свесност за проблемите со кои се соочуваат сите дискриминирани личности, кои спаѓаат во тие групи, со што пак се зголемува свеста на граѓаните за постоењето и сериозноста на тие проблеми, како и потребата од нивно препознавање и решавање.

- **Присуство во медиумите**

Комисијата комуницира со јавноста преку корисничкиот профил на социјалната мрежа Фејсбук и преку веб-страницата која што овозможува поголема транспарентност на работата на ова тело.

Во овој период интересот на медиумите за работата на Комисијата значајно беше зголемен. Зголемувањето на бројот на настапи во медиуми, првенствено се должи на многу активности на членовите на Комисијата, но исто така, се должи и на зголемената свест на новинарите за важноста на ова тело.

Членовите на Комисијата во бројни наврати беа присутни на национални и локалните телевизии, преку кои ги промовираа принципите на еднаквост, толеранција и недискриминација. Во тој контекст, значаен е и податокот дека член на Комисијата медиумски настапи во емисијата [redacted] на која што тема беше Годишниот извештај а се дискутираше за општата ситуација со дискриминаторските практики во нашето општество.

Член на Комисијата учествуваше на утрински брифинг на тема работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација каде беа промовирани работата и надлежностите на Комисијата, промоција на концептот на еднаквост и толеранција, беше истакнато досегашното искуство од работењето на Комисијата во изминатата година од нејзиното оформување, а воедно и предизвиците со кои се соочува.

Претседателот на Комисијата учествуваше на емисија “слободен печат“ на која што се дискутираше за работата на Комисијата и за поднесените претставки во Комисијата.

8. **Колку подзаконски акти имате донесено во периодот од 01 јануари – 31 март 2022 година?**

   Во наведениот период во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се подготвувале подзаконски акти, но истите во наведениот период не се донесени и објавени.

9. **Колку вработени имало во стручната служба во периодот од 01 јануари – 31 март 2022 година?**

   Во Стручната служба на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во наведениот период се вработени вкупно 10 админстративни службеници.

Ви стоиме на располагање за сите евентуални дополнителни информации.

Со почит,

Претседател
Кире Василев



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk